ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Јавна општинска установа Дом за стари лица Киро Крстески Платник – Прилеп.

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка на расходи на буџет на дотации (903) за 2021 година.

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со релевантната законска регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
- Домот функционира со недоволен број на стручни кадри за непречено, квалитетно и навремено извршување на потребните услуги и нега на старите лица, особено геронто – домаќинки, хигиеничари и сервирки;
- невоспоставени контроли за работните процеси и состојби кои се однесуваат на приемот и издавањето на прехранбените производи.

**Издадено мислење/заклучок*:**

Мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива.

**Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет:**
- лоша состојба на просториите во кои се сместени корисниците, за чие одржување не се планирани средства со годишните програми за финансирање;
- намален износ на блок дотации во 2021 година во однос на 2020 година и покрај тоа што е зголемен бројот на корисници.

**Клучни препораки:**
- преиспитување на одредбите на актот за систематизација на работните места и прилагодување на потребниот број на вработени во Домот согласно реалните потреби и обемот на дејноста која се врши;
- продолжување на активностите за вработување на потребниот кадар за извршување на дејноста.

**Клучни системски слабости:**
- видот и бројот на работни места за стручен кадар во Правилникот за нормативи и стандарди не одговара на реалните потреби;
- не е склучен протокол меѓу надлежните министерства.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 22 – 124/11 од 05.12.2022 година.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk